**Известување за концентрација со која Мосбургер ГмбХ, Австрија ќе стекне контрола врз Скатолифичио Ла Вегиа СПА, Италија (предмет бр. 08-165/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 23.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација кое е поднесено по правосилност на одлуката на судот од Реџио Емилија (Reggio Emilija), Италија со која е одобрено превземањето од страна на Мосбургер ГмбХ (Mosburger GmbH), друштво основано и организирано согласно законите на Австрија, со регистрирано седиште на Кетзерг 112, 1232 Виена, Австрија, регистарски број FN93397z, како стекнувач во стечајна постапка на друштвото во стечај Скатолифичио Ла Вегиа СПА (Scatolificio La Veggia S.p.A.), друштво основано и организирано согласно законите на Италија, со регистрирано седиште на Кастеларано (Реџо Емилија), Виа Маестрале број 6, Италија, регистарски број 305179.

Одлуката претставува основ за стекнување на независна контрола од страна на Мосбургер ГмбХ од стечајната постапка врз Скатолифичио Ла Вегиа СПА.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Мосбургер ГмбХ е со претежна дејност (предмет на работење) производство на пакување и материјали за пакување.

Мосбургер Гмбх е под целосна контрола на Принжорн холдинг Гмбх.

Мосбургер ГмбХ нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница) во Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија, Принжорн групата остварува приходи од продажба на производи од друштво кое е дел од Принжорн групата, но групата нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

Скатолифичио Ла Вегиа СПА е со претежна дејност производство на брановидни плочи ,брановидни картони и кутии од брановидни плочи и картони произведени во својата фабрика.
Целното друштво нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница) во Република Северна Македонија, ниту пак остварува било каков промет на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

17.12.2022 година
Скопје